# ЦИПРОФЛОКСАЦИН:
## антибиотик за преносители на болести кои биле во контакт со лице заболено од менингококна болест

Ципрофлоксацинот е антибиотик кој понекогаш им се дава на лицата кои биле во близок контакт со лице заболено од менингококна болест. Овој антибиотик се користи за отстранување на сите менингококни бактерии кои 'живеат' во грлото на преносители на болести за тие да не можат да доведат до понатамошно заразување на други лица.

Антибиотикот не може да излечи лице кај кое болеста веќе се јавила, затоа вие и понатаму треба да внимавате на симптомите и знаците на менингококната болест.

### Упатства за примање на ципрофлоксацин

- Ципрофлоксацинот се прима во една доза во вид на таблета од 500 мг.
- Таблетата треба да се голтне цела со полна чаша вода.
- Не ја земајте таблетата ако во претходните 4 часа сте зеле алкалин/лекарства за лошо варење или лекарства кои содржат железо или минерални додатоци.

### <u>Не</u> треба да примате ципрофлоксацин ако:

- претходно сте имале алергиска реакција на ципрофлоксацин;
- сте бремени или доилка;
- сте дете помладо од 12 години.

Ако ципрофлоксацинот не е соодветен за вас, тогаш вие ќе треба да примате други антибиотици за отстранување на менингококните бактерии.

### Несакани последици од ципрофлоксацин

- Може исто така да се чувствувате уморни или да имате стомачни болки, меѓутоа овие ефекти обично брзо поминуваат и не треба да ве загрижуваат.
- **Многу** невообичаена несакана последица е алергиска реакција со отекување на лицето. Ова може да се појави за кратко време откако ќе ја земете таблетата; ако тоа се појави, треба **веднаш** да побарате лекарска помош (ако сте во болница, побарајте да ве прегледа доктор, или телефонирајте на 000).

### Меѓусебна реакција со други лекарства

Ако примате било какви други лекарства, треба да проверете со вашиот доктор пред да ја примите таблетата ципрофлоксацин. Ако примате таблетки за контрацепција преку уста, тогаш прилично безбедно е да земете ципрофлоксацин.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health: www.health.nsw.gov.au** | | | | | |

## РИФАМПИЦИН:
## антибиотик за преносители на болести кои биле во контакт со лице заболено од менингококна болест

Рифампицинот е антибиотик кој понекогаш им се дава на лицата кои биле во близок контакт со лице заболено од менингококна болест. Овој антибиотик се користи за отстранување на сите менингококни бактерии кои 'живеат' во грлото на преносители на болести за тие да не можат да доведат до понатамошно заразување на други лица.

Антибиотикот не може да излечи лице кај кое болеста веќе се јавила, затоа вие и понатаму треба да внимавате на симптомите и знаците на менингококната болест.

**Упатства за примање на рифампицин**

- Рифампицинот се прима два дена и тоа двапати на ден (потребно е да се примат вкупно четири дози). Тој може да се добие во вид на таблети, капсули или сируп.
- Рифампицинот треба да се прими на празен стомак, половина час пред или два часа после јадење.

**<u>Не</u> треба да примате рифампицин ако:**

- сте алергични на рифампицин
- имате сериозно оштетување на црниот дроб (вклучувајќи жолтица);
- сте алкохоличар; или
- сте бремени.

Ако рифампицинот не е соодветен за вас, тогаш вие ќе треба да примате други антибиотици за отстранување на менингококните бактерии.

**Несакани последици од рифампицин**

- После примањето на рифампицин, мал број на лица не се чувствуваат добро: може да се појават стомачни проблеми, главоболка и вртоглавица.
- Рифампицинот може да ја измени бојата на урината и солзите во розево-портокалова. Ова не е штетно и престанува кога ќе престанете да го примате лекарството.
- Рифампицинот може трајно да ги обои меките контактни леќи, што значи дека во текот на лекувањето треба да се избегнува тие да се користат.

**Меѓусебна реакција со други лекарства**

Ако примате било кое од следните лекарства кои се даваат на рецепт: антикоагуланти, на пример, варфарин, стероиди, неколку видови на лекарства за срцеви заболувања, таблети за контролирање на дијабетес, таблети за епилепсија, таблети за астма, метадон, антивирусни агенси, антидепресанти и циклоспорин — **известете го** вашиот доктор дека ќе примате рифампицин затоа што можеби ќе треба да се измени дозата на другите лекарства кои ги примате.

Рифампицинот може да го намали дејството на оралните средства за контрацепција. Додека примаат рифампицин и седум дена после примање на последната доза на рифампицин, жените кои земаат таблетки за контрацепција преку уста треба да продолжат да го прават тоа, пропуштајќи ги сите интервали кога не се земаат таблетките или кога се земаат плацебо таблетки. Тие **исто така** треба да користат дополнителна контрацептивна заштита се додека примаат рифампицин и во период од четири недели откако ќе ја примат последната доза на рифампицин.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health:** www.health.nsw.gov.au | | | | | |

## ЦЕФТРИАКСОН:
## антибиотик за преносители на болести кои биле во контакт со лице заболено од менингококна болест

Цефтриаксонот е антибиотик кој понекогаш им се дава на лицата кои биле во близок контакт со лице заболено од менингококна болест. Овој антибиотик се користи за отстранување на сите менингококни бактерии кои 'живеат' во грлото на преносители на болести за тие да не можат да доведат до понатамошно заразување на други лица.

Антибиотикот не може да излечи лице кај кое болеста веќе се јавила, затоа вие и понатаму треба да внимавате на симптомите и знаците на менингококната болест.

Цефтриаксонот се прима како една инекција која се става во мускулно ткиво, на пример, во бутот или задникот. Цефтриаксонот е безбеден за бремени жени и доилки.

<u>Не</u> треба да примате цефтриаксон ако:
- сте алергични на цефтриаксон или други антибиотици од групата цефалоспорин или
- некогаш сте имале сериозна или непосредна алергиска реакција на антибиотици со пеницилин.

**Несакани последици на цефтриаксон**
- Ретко се јавуваат несакани последици од цефтриаксон, меѓутоа тие вклучуваат воспаление на усната слузокожа или вагината (болна слузна мембрана што пече), пролив, повраќање, главоболка, вртоглавица, изменето сетило за вкус, брзо или нередовно отчукување на срцето. Ако ве загрижува било кој од овие симптоми, тогаш ќе треба да побарате лекарска помош.
- Многу ретка несакана последица е алергиската реакција – ако ви се појави оток на лицето, чувство на затегнатост во грлото, тешкотии во дишењето, сериозен јадеж или осип, тогаш треба веднаш да побарате лекарска помош (телефонирајте на 000).

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health: www.health.nsw.gov.au** | | | | | |

## Информации за <u>преносители на болеста кои биле во близок контакт со заразеното лице</u> во врска со антибиотиците за отстранување на бактериите и вакцинирање

Почитуван/а

Неодамна бевте во близок контакт со лице кое има менингококна болест.

Менингококната болест ја предизвикува бактерија која до 10% од луѓето ја носат во носот и грлото и тоа обично е безопасно. Меѓутоа, понекогаш носителите можат да им ја пренесат бактеријата на други лица со кои биле во близок контакт. Само многу мал број на лица кои биле во контакт со носителите на бактеријата ќе заболат од менингококна болест. Откако лицето ќе биде изложено на бактеријата, може да изминат до десет дена додека да се развие болеста.

Бактериите тешко се пренесуваат и тие може да се пренесат од едно лице на друго само со редовни, блиски и подолгорочни контакти. Бактериите ретко се пренесуваат преку контакт со плунката од предниот дел на устата, забите или усните.

Само лицата кои биле во многу близок контакт со лице чија болест е потврдена или постои сомневање дека е заболено треба да примаат посебни антибиотици за да се отстранат бактериите во задниот дел од грлото. Ова ги вклучува:

- контакти со домашните и други лица кои преноќевале во домот во периодот од седум дена пред пациентот да започне да се чувствува болен/болна и
- интимни контакти, на пример, со дечко/девојка/сексуален партнер
- децата кои посетувале иста детска група во центар за дневен престој на деца.

Бидејќи сте биле во многу близок контакт со лице кое е заболено од оваа болест, вие можеби сте преносител на менингококни бактерии. Заради тоа, треба кратко време да се лекувате со антибиотици. Антибиотиците се наменети да ги отстранат бактериите кои можеби ги носите за да се спречи понатамошно пренесување. Антибиотикот не ја лекува болеста кај лице кај кое таа веќе се развила.  Додека го примате лекарството, не е потребно да избегнувате контакти со членовите од семејството и децата и не треба да се изолирате или да не одите на училиште или работа.

Во зависност од видот на менингококните бактерии, државната служба за здравство може да препорача вакцинирање на членовите на семејството на лицето со менингококна болест. Државната служба за здравство ќе ве информира ако има потреба од тоа.

Ако добиете некој од симптомите на менингококната болест (тие се наведени подолу) или ако се чувствувате болни, важно е веднаш да побарате совет од доктор. **Ве молиме, понесете го со себе ова писмо ако треба да одите кај вашиот доктор или во одделот за итни случаи во болница.**

За менингококната болест кажете им на луѓето со кои обично поминувате доста време заедно (на пример, семејството и блиските пријатели) за и тие да знаат да побараат итна лекарска помош ако добијат симптоми.

Антибиотици не треба да земаат другите лица со кои неодамна сте биле во контакт.

Симптомите на менигококна болест на кои треба да внимавате вклучуваат комбинација од:

- Ненадејна појава на треска
- Болки во зглобовите и мускулите
- Гадење и повраќање
- Главоболка
- Вкочанет врат
- Осетливост на сјајна светлина
- Умор
- Било каде на кожата може да се појави осип во вид на ситни точки кои брзо може да се претворат во црвено-виолетови дамки. Обично овој осип не исчезнува со благо притискање на кожата. Понекогаш осипот воопшто не се појавува.
- Многу раните симптоми може да вклучуваат болки во нозете, ладни раце и стопала и ненормална боја на кожата.

**Малите деца** може да имаат поопшти симптоми кои може да вклучуваат раздразливост, поспаност или тешкотии при будењето, плачење со писклив глас или офкање, бледа и дамкосана кожа и одбивање да јадат.

Дури и ако сте примиле вакцина против менингококна болест, вие и понатаму треба да внимавате на симптомите затоа што вакцината не ве заштитува од сите видови на менингококна болест.

Информативен лист што содржи повеќе поединости за менингококната болест може да се најде на:
www.health.nsw.gov.au/factsheets/infectious/meningococcal.html

Ве молиме, ако имате било какви други прашања, контактирајте ја државната служба за здравство. *Ако не се чувствувате добро, не се јавувајте во државната служба за здравство – веднаш одете на доктор.*

Со почит,

Директор
Државна служба за здравство

*Почитуван докторе*

*За ова лице се смета дека било во близок контакт со лице заболено од менигококна болест. Ако тој или таа не се чувствува добро, ве молиме земете ја предвид менингококната болест при поставувањето на различна дијагноза и итно пријавете го случајот во државната служба за здравство преку телефон ако се сомневате дека се работи за менингококна болест.*

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health: www.health.nsw.gov.au** | | | | | |

## **Информации за <u>лица кои не биле во близок контакт</u> со заразеното лице (антибиотици не се потребни)**

Почитуван/а

Неодамна бевте во контакт со лице кое има менингококна болест.

Менингококната болест ја предизвикува бактерија која до 10% од луѓето ја носат во носот и грлото и тоа обично е безопасно. Меѓутоа, понекогаш носителите можат да им ја пренесат бактеријата на други лица со кои биле во близок контакт. Само многу мал број на лица кои биле во контакт со носителите на бактеријата ќе заболат од менингококна болест. Ако носителот на бактеријата ја пренесе на друго лице,  може да изминат до 10 дена додека да се развие болеста.

Бактериите тешко се пренесуваат и тие може да се пренесат од едно лице на друго само со редовни, блиски и подолгорочни контакти. Бактериите ретко се пренесуваат преку контакт со плунката од предниот дел на устата, забите или усните.

Само лицата кои биле во **многу** близок контакт со лице за кое постои сомневање дека е заболено од болеста или чија болест е потврдена треба да примаат посебни антибиотици за да се отстранат бактериите во задниот дел од грлото. Во овие лица се вклучуваат домашните со кои заболеното лице било во контакт, лица кои преноќевале во домот во периодот од седум дена пред пациентот да започне да се чувствува болен/болна, лица со кои заболеното лице имало интимни контакти, на пример, со дечко/девојка/сексуален партнер и децата кои посетувале иста детска група во центар за дневен престој на деца.

Бидејќи не сте биле во многу близок контакт со лице кое е заболено од оваа болест, **не** е потребно да примате антибиотици или да избегнувате контакти со членовите од семејството и децата и не треба да се изолирате или да не одите на училиште или работа.

Иако опасноста да заболите од болеста е многу мала, важно е веднаш да побарате совет од доктор ако добиете некој од симптомите на менингококната болест (тие се наведени подолу) или ако се чувствувате болни. **Ве молиме, понесете го со себе ова писмо ако треба да одите кај вашиот доктор или во одделот за итни случаи во болница.**

За менингококната болест кажете им на луѓето со кои обично поминувате доста време заедно (на пример, семејството и блиските пријатели) за и тие да знаат да побараат итна лекарска помош ако добијат симптоми.

Симптомите на менигококна болест на кои треба да внимавате вклучуваат комбинација од:

- Ненадејна појава на треска
- Болки во зглобовите и мускулите
- Гадење и повраќање
- Главоболка
- Вкочанет врат
- Осетливост на сјајна светлина
- Умор
- Било каде на кожата може да се појави осип во вид на ситни точки кои брзо може да се претворат во црвено-виолетови дамки. Обично овој осип не исчезнува со благо притискање на кожата. Понекогаш осипот воопшто не се појавува.
- Многу раните симптоми може да вклучуваат болки во нозете, ладни раце и стопала и ненормална боја на кожата.

**Малите деца** може да имаат поопшти симптоми кои може да вклучуваат раздразливост, поспаност или тешкотии при будењето, плачење со писклив глас или офкање, бледа и дамкосана кожа и одбивање да јадат.

Дури и ако сте примиле вакцина против менингококна болест, вие и понатаму треба да внимавате на симптомите затоа што вакцината не ве заштитува од сите видови на менингококна болест.

Информативен лист што содржи повеќе поединости за менингококната болест може да се најде на:
www.health.nsw.gov.au/factsheets/infectious/meningococcal.html

Ве молиме, ако имате било какви други прашања, контактирајте ја државната служба за здравство. *Ако не се чувствувате добро, не се јавувајте во државната служба за здравство – веднаш одете на доктор.*

Со почит,

Директор
ДРжавна служба за здравство

*Почитуван докторе*

*За ова лице се смета дека било во близок контакт со лице заболено од менигококна болест. Ако тој или таа не се чувствува добро, ве молиме земете ја предвид менингококната болест при поставувањето на различна дијагноза и итно пријавете го случајот во државната служба за здравство преку телефон ако се сомневате дека се работи за менингококна болест.*

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health: www.health.nsw.gov.au** | | | | | |